Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 27.10.2025 година, раководена од Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Африм Фидани, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 42 и 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на начелно правно мислење поднесена од адвокат Наташа Бошкова од Скопје, заведена под Су-03 бр.333/25 од 16.05.2025 година, донесе:

# З А К Л У Ч О К

**Иницијативата за донесување начелно правно мислење поднесена од адвокат Наташа Бошкова од Скопје, заведена под Су-03 бр. 333/25 од 16.05.2025 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија адвокат Наташа Бошкова од Скопје, поднесе Иницијатива за донесување на начелно правно мислење под број Су-03 бр.333/25 од 16.05.2025 година, а во врска со одлуката на првостепените судови за доделување на надомест врз основа на имотно – правно побарување на оштетените во кривична постапка

Со Иницијативата, се бара утврдување на начелно правно мислење за следното прашање:

„Дали првостепениот кривичен суд треба да го прифати целосно или делумно имотно-правното побарување на оштетените секогаш кога во текот на постапката се предложени и изведени докази со кои се потврдува нематеријалната и/или материјалната штета што ја претрпел оштетениот со кривично дело?“

Во Иницијативата наведени се релевантни законски одредби од Законот за кривичната постапка, кои се однесуваат на имотно правното барање на оштетениот во кривичната постапка и тоа членовите: 53, 57, 64, 111, 112, 114, 382, 411 од Законот за кривичната постапка. Воедно, подносителката се повикува на меѓународните договори ратификувани од страна на државата, како и на праксата на Европскиот суд за човековите права.

Подносителката на иницијативата, наведува дека во случаите кога оштетените учествувале во кривичната постапка, расправале по доказите, доставиле докази и изнеле свое барање пред судот, доколку судот не им досуди имотно - правно барање, истите немаат право да поднесат жалба против првостепената пресуда, кое нешто е спротивно на член 15 од Уставот на РСМ. Имено, оштетените поради незаконита одлука на првостепените судови со која не го прифаќаат имотно - правното барање ги лишуваат оштетените од можноста да бараат повисокиот суд да ја цени законитоста на одлуката за неприфаќањето на имотно - правното барање. Целта на остварување на имотно - правно барање во кривична постапка е оштетените да не

се изложуваат на дополнителни трошоци и време за да ова право го остваруваат во одделна граѓанска постапка, како и дополнително да не се виктимизираат. Понатаму, подносителката наведува дека во судската пракса на основните судови во РСМ се забележуваат различни пристапи и интерпретации во врска со наведеното прашање, со што се создава правна несигурност и нееднаква примена на правото, кое пак директно влијае врз правата на жртвите и правната сигурност на оштетените – жртви на кривични дела во правниот систем. Во продолжение, таа посочува првостепени пресуди, во кои судот го применил член 114 од ЗКП, во делот на прифаќањето на имотно - правното побарување или ги упатил оштетените правото да го остваруваат во граѓанска постапка, и тоа во случаи кога било поднесено имотно - правно барање и биле доставени докази - невропсихијатриско вештачење од страна на жртвите на семејно насилство, родово базирано насилство, сексуално насилство, трговија со дете и други кривични дела. Оттука, со оглед на важноста и потребата од усогласување и воедначување на судската пракса, како и заради обезбедување еднаков пристап до правда и предвидливост во примената на правото, предлага Врховниот суд да ја усвои иницијативата и да донесе начелно правно мислење, со кое ќе утврди следното:

„Кога оштетените во кривична постапка предјавиле имотно – правно побарување по основ и висина и за тоа доставиле доказ кој е изведен во текот на кривичната постапка, првостепениот суд е должен да го усвои делумно или целосно имотно – правното побарување на оштетените.„

Општата седница утврди дека согласно член 53 став 1 од Законот за кривичната постапка, жртвата на кривично дело има право да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотно - правното барање за штета. Понатаму, според член 110 став 1 од ЗКП, имотно - правно барање што настанало поради извршување на кривично дело ќе се расправи по предлог од овластените лица во кривична постапка, ако со тоа значително не би се оддолжувала оваа постапка. Согласно член 114 од ЗКП, за имотно - правното барање одлучува судот.

Видно од цитираните законски одредби, кога обвинетиот е огласен за виновен, а оштетените во кривична постапка предјавиле имотно - правно побарување по основ и висина и за тоа доставиле докази, судот е должен да го усвои делумно или целосно имотно - правното побарување на оштетените. Кај жртвите од кривичните дела на семејно насилство, родово базирано насилство, сексуално насилство, трговија со дете, судовите особено треба да ја имаат предвид заштитата од секундарна виктимизација на жртвата и целосно или делумно да го усвојуваат имотно - правното побарување секогаш кога се исполнети законските услови и доказите даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување на имотно - правното барање. Притоа, законот предвидува и одредени исклучоци, па така при донесување на пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен, судот може да донесе и одлука со која ќе го упати оштетениот имотно - правното барање целосно да го остварува во спор. Ова, во случај кога доказите во кривичната постапка не даваат основа за целосно или делумно одлучување по имотно - правното барање, а дополнителното обезбедување на потребните докази би довеле до постоење опасност од неоправдано одолговлекување на кривичната постапка.

Во конкретно посочените пресуди, не постои различна судска пракса туку постапување на судот во врска со конкретно барање во конкретен предмет кое е поврзано со законска обврска на судот да одлучи по истакнатото имотно - правно побарување кое произлегува од законските одредби, во кои се предвидени и исклучоци од таквата обврска, при што судот цени поединечно во секој конкретен предмет како ќе постапи, односно не се работи за различна судска пракса или различно применување на законот, туку се работи за фактичко прашање и не може однапред да се заземе единствен став.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на РСМ, утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството во примената на законите од страна судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на седниците на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Согласно член 63 од Деловникот на Врховниот суд, Општата седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелен став претставува стојалиште кое го утврдува Врховниот суд на Република Северна Македонија по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Начелно правно мислење е стојалиште на Врховниот суд на Република Северна Македонија за одредено прашање, за кое на Општата седница е заземен став поради невоедначена пракса во примената на законите.

Со оглед на тоа дека поднесената иницијатива и посочените пресуди не укажуваат на различна судска практика и нееднаквост во примената на законите од страна на судовите, од кои би произлегла потреба од утврдување на начелен став или начелно правно мислење по правно прашање и не постои невооедначена судска пракса, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе Заклучок со кој не се усвои Иницијативата за донесување начелно правно мислење поднесена од адвокат Наташа Бошкова од Скопје, заведена под Су-03 бр.333/25 од 16.05.2025 година.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**